ње на нејзиното политичко влијание во Македонија во третираниот период.

Последната, осма, глава е посветена на македонското националноослободително движење и Австро-Унгарија. Најпрво, авторот ја презентира политиката на Австро-Унгарија кон македонското националноослободително движење во доба на Источната криза. Посебно го подложува на анализа односот на Хабзбуршката монархија кон организираното македонско национално-ослободително движење од последната деценија на минатиот и почетокот на овој век. „Нагласениот интерес на Двојната монархија, и покрај нејзиниот непријателски став кон македонското националноослободително движење, имал и содветни позитивни реперкусии бидејќи придонесувал за запознавање на јавноста, односно на народите на Монархијата со македонското прашање, за афирмација на македонското националноослободително движење". (342)

На крајот, во заклучокот, авторот дава синтетизиран преглед на презентираната проблематика.

Потребно е да истакнеме дека веројатно поради невнимателност на коректорите, во книгата се провлекле печатни грешки, како на пр. на стр. 65 стои Свиштовски мир од 1605 година, а треба Житвански мир од 1606 година; на стр. 290 стои Макс Мублие, а треба Макс Шублие; на стр. 310 стои генерал Цанков, а треба Цончев; на стр. 339 — реформна програма од февруари 1902 година, а треба 1903 г. и сл.

Австро-Унгарија заедно со Русија го чинела историскиот тандем на „најзаинтересираните" европски сили за судбината на Балканот. Оттаму разработката на аспектите на нејзината политика кои Македонија во третираниот бурен период од поновата македонска историја — во споменатиов научен труд на Михајло Миноски, претставува евидентен придонес кон македонската историографија.

Димитар ДИМЕСКИ

**Ангел Динев (Материјали од симпозиумот „Ангел Динев...") Дојрански ракувања '82, Скопје, 1982, 217.**

Ангел Динев е еден од втемелувачите на современата македонска публицистика и историографија. Неговиот макотрпен животен пат распнат меѓу сцили и харибди, вроди животно дело. Оттаму, по повод 30-годишнината од неговата смрт, во јуни 1982 година во Стар Дојран се одржа научниот собир „Ангел Динев — истакнат македонски деец, општественик и историски публицист" — во рамките на VI-те Дојрански ракувања.

Во публикацијава, на 217 страници голем формат се презентирани материјалите од симпозиумот: воведниот и завршниот збор на Томе Момировски, регистарот на дискутантите и на продискутантите теми, како и 20-на реферати, соопштенија и сеќавања на еминентни македонски научни, јавни и културни работници посветени на разните аспекти од дејноста и творештвото на Ангел Динев, редакторот на „Македонски весник" и авто-

рот на „Македонски Словени“ и „Илинденска епопеја“.

Во воведниот реферат „Ангел Динев — историографски поглед кон животот и дејноста“ Владимир Картов на близу 40 страници ја проследува Диневата несомнено трновита животна одисеја и изразито плодотворна дејност. Притоа, меѓу другото, Картов констатира дека Диневата „богата и разновидна дејност значеше мошне голем придонес како во појавата и развојот на современата македонска историографска мисла, така и во развојот и афирмацијата на македонската национална мисла и посебно во натамошниот развој по општото прогресивно движење на македонската емиграција во Бугарија“. (13)

Осврнувајќи се на историограф ските проблеми во творештвото на Ангел Динев, Христо Андонов Полјански истакнува: „Творечкиот опус на Ангел Динев на полето на македонската историографија и публицистика е мошне значаен. Израснат во едно исклучително време, во периодот на двете војни, во епохата на социјалистичките револуции, можеше Ангел Динев да проникне продлабочено и достоинствено во светлините на минатото. Бројните проблеми тој се обиде да ги разработи низ марксистичка гледна точка давајќи со тоа прилогот кон историографијата Тој го продолжи континуираниот развој во поставувањето основите на македонската историографија и публицистика“. (56)

Александар Христов го презентира Диневиот придонес во македонската историографија, а Петар Стојанов ја третира темата: „Големите сили и македонското прашање во 'Илинденска епопеја' на Ангел Динев“.

Ристо Поплазаров говори за странските пропаганди и врховизмот во делата на Ангел Динев (до 1912 г.), а во рефератот на Манол Пандевски „Кон прашањето за причините и карактерот на учеството на Македонците во Првата балканска војна“ е присутна критичка нота кон ставовите на Динев за посоченава проблематика.

Крсте Битоски се осврнува на македонските добротворни братства во Бугарија со одделен осврт врз дејноста на гевгелиското братство, а Михајло Георгиевски ги разгледува почетоците на новинарската и публицистичка дејност на Динев во текот на 20те години на веков, како и улогата на Динев во издавањето на воспоменателните листови „Гоце“ и „Јане Сандански

Никола Чинго ја слика општествено-политичката дејност на А. Динев во условите на Отечественофронтовска Бугарија (1944—48), а Орде Ивановски говори за в. „Доброволец“ — како идеен предводник на македонската емиграција во Бугарија и афирматор на македонската национална самобитност.

Киро Смичевски ја разгледува журналистичко — публицистичката дејност на А. Динев во периодот 1848—1952 година и притоа се осврнува и на полемиката на Ангел Динев со Димитар Митрев во 1951 година.

Светозар Наумовски пишува за одразот на револуционерниот лик на Г. Делчев во историско-публицистичката мисла на А. Динев, а Ристо Стамков ја третира темата: македонските револуционерни песни од Гевгелиско и Ангел Динев.

На крајот, свои сеќавања за Ангел Динев презентираат Илија Бајалски, Лазар Алацајков, Димитар Данаилов и Ангел Цеков.

Потребно е да истакнеме дека во публикацијава неоправдано се провлекле низа печатени грешки.

Симпозиумот и публикацијата посветени на Ангел Динев не значат само обично оддолжување на овој бескомпромисен борец на македонскиот национален индивидуалитет, но и прв сериозен напор за вреднување на оваа светла личност од нашето минато.

Димитар ДИМЕСКИ

**СТРУМИЦА И СТРУМИЧКО ВО НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА ОД СЕПТЕМВРИ 1943 ДО 15 МАЈ 1945 ГОДИНА. Материјали од научниот собир „Струмица и Струмичко во НОВ од септември 1943 до 15 мај 1945 година", одржан во Струмица на 26 и 27 април 1982 година, Општински одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ, Струмица 1983, 629).**

Како резултат од одржаниот научен собир „Струмица и Струмичко во НОВ од септември 1943 до 15 мај 1945 година", од 26 и 27 април 1982 година во Струмица, излезе од печат зборник на научни трудови под ист наслов, во кој се опфатени 45 реферати презентирани на споменатиот научен собир, на научни и општествени работници, како и сеќавања на живи учесници од НОВ во Струмица и Струмичко и пошироко.

Содржински зборникот е поделен на: Предговор (5—10), Отварање и воведен збор (11—20), Поздравни говори (21—28), Реферати и сеќавања (29—592), Дискусија (593—608) и Прилози (609—631) во кои се опфатени Регистар на лични имиња и Регистар на географски и народносни поими кои се среќаваат во рефератите.

Овој зборник посветен на НОВ во Струмица и Струмичко е втор по ред и се однесува на периодот од септември 1943 до мај 1945 година. Претходниот период од 1941 до септември 1943 година е опфатен во зборникот под ист наслов кој во себе ги опфаќа рефератите поднесени на истоимениот научен собир одржан на 15, 16 и 17 мај 1978 година во Струмица.

Прилозите и сеќавањата објавени во овој зборник не само што даваат свој придонес кон расветлувањето на поновата историја на овој крај, туку во него среќаваме драгоцени податоци кои можат да послужат како поткрепа за објаснување на историските настани од НОВ во цела Македонија. Тие даваат нови податоци и внесуваат свежина при реконструкција и уточнување на определени настани и активности кои беа пресудни за понатамошниот развиток на НОВ во овој крај и пошироко. Во таа смисла прилозите го опфаќаат растежот и дејноста на партиската, младинската и други напредни организации, создавањето и дејноста на партизанските воени единици, настанувањето и зацврстувањето на органите на народна власт и масовно-политичките организации, како и дејноста на окупаторот и неговиот државно-политички систем на окупира-